Биланс на состојба

Назив на друштво **Комерцијална банка АД Скопје**
Период на известување **01.01 - 30.09**
Година **2026**
Извештајот е консолидиран **не**

		во илјади денари	
	Белешка	тековна година 30.09.2026	претходна година 31.12.2025
Актива			
Парични средства и парични еквиваленти	18	56,327,681	60,054,842
Средства за тргување	19	26,914	30,468
Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање	20	394,181	386,428
Деривативни средства чувани за управување со ризик	21	0	0
Кредити на и побарувања од банки	22.1	6,927,473	5,475,873
Кредити на и побарувања од други комитенти	22.2	87,181,307	80,992,872
Вложувања во хартии од вредност	23	43,452,946	38,547,685
Вложувања во придружени друштва (сметководствено се евидентираат според „методот на главнина“)	24	311,397	436,179
Побарувања за данок на добивка (тековен)	30.1	376,270	391
Останати побарувања	25	1,713,718	3,692,007
Заложени средства	26	0	0
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	27	5,334	4,197
Нематеријални средства	28	327,334	141,432
Недвижности и опрема	29	2,768,499	2,765,684
Одложени даночни средства	30.2	0	0
Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување	31	0	0
Вкупна актива		**199,813,054**	**192,528,058**
Обврски			
Обврски за тргување	32	0	640
Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање	33	0	0
Деривативни обврски чувани за управување со ризик	21	0	0
Депозити на банките	34.1	38,167	49,355
Депозити на други комитенти	34.2	170,237,952	164,711,198
Издадени должнички хартии од вредност	35	0	0
Обврски по кредити	36	3,397,199	3,399,996
Субординирани обврски	37	0	0
Посебна резерва и резервирања	38	182,873	256,327
Обврски за данок на добивка (тековен)	30.1	0	51,561
Одложени даночни обврски	30.2	0	0
Останати обврски	39	1,734,326	980,800
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување	31	0	0
Вкупно обврски		**175,590,517**	**169,449,877**
Капитал и резерви			
Запишан капитал	40	2,279,067	2,279,067
Премии од акции		773,632	771,527
Сопствени акции		0	-13,386
Други сопственички инструменти		0	0
Ревалоризациски резерви		2,566	1,720
Останати резерви		15,642,513	14,041,947
Задржана добивка/(Акумулирана загуба)		5,524,759	5,997,306
Вкупно капитал и резерви, кои припаѓаат на акционерите на банката		**24,222,537**	**23,078,181**
Неконтролирано учество*		0	0
Вкупно капитал и резерви		**24,222,537**	**23,078,181**
Вкупно обврски и капитал и резерви		**199,813,054**	**192,528,058**
Потенцијални обврски	42	26,003,109	19,903,360
Потенцијални средства	42	0	0

* само за консолидираните финансиски извештаи

Биланс на успех

Назив на друштво	**Комерцијална банка АД Скопје**
Период на известување	**01.01 - 30.09**
Година	**2026**
Извештајот е консолидиран	**не**

	Белешка	*во илјади денари*	
		тековна година 30.09.2026	претходна година 30.09.2025
Приходи од камата		5,341,637	5,127,724
Расходи за камата		-674,995	-631,409
Нето-приходи/(расходи) од камата	6	**4,666,642**	**4,496,315**
Приходи од провизии и надомести		1,836,150	1,756,493
Расходи за провизии и надомести		-733,079	-851,814
Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести	7	**1,103,071**	**904,679**
Нето-приходи од тргување	8	6,736	-9,977
Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност	9	7,753	8,651
Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики	10	332,720	323,935
Останати приходи од дејноста	11	471,180	730,085
Удел во добивката на придружените друштва	24	0	0
Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа	12	-503,893	-412,858
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа	13	-103	-4,911
Трошоци за вработените	14	-935,493	-867,455
Амортизација	15	-198,529	-194,272
Останати расходи од дејноста	16	-745,325	-724,066
Удел во загубата на придружените друштва	24	0	0
Добивка/(загуба) пред оданочување		**4,204,759**	**4,250,126**
Данок од добивка	17	0	0
Добивка/(загуба) за финансиската година од непрекинато работење		**4,204,759**	**4,250,126**
Добивка/(загуба) од група на средства и обврски кои се чуваат за продажба*		0	0
Добивка/(загуба) за финансиската година		**4,204,759**	**4,250,126**
Добивка/(загуба) за финансиската година, којашто им припаѓа на*:			
акционерите на банката		0	0
неконтролираното учество		0	0
Заработка по акција	41		
основна заработка по акција (во денари)		0.00	0.00
разводнета заработка по акција (во денари)		0.00	0.00

* само за консолидираните финансиски извештаи

Извештај за паричниот тек

Назив на друштво **Комерцијална банка АД Скопје**
Период на известување **01.01 - 30.09**
Година **2026**
Извештајот е консолидиран **не**

	во илјади денари	
	Тековна година	**Претходна година**
Паричен тек од основната дејност		
Добивка/(Загуба) пред оданочувањето	**4,204,759**	**4,250,126**
Коригирана за:		
Неконтролирано учество, вклучено во консолидираниот биланс на успех*		
Амортизацијата на:		
нематеријални средства	25,800	16,577
недвижности и опрема	172,729	177,695
Капиталната добивка од:		
продажба на нематеријални средства	0	0
продажба на недвижности и опрема	-9,228	-5,673
продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	-110,232	-488,688
Капиталната загуба од:		
продажба на нематеријални средства	0	0
продажба на недвижности и опрема	0	0
продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	0	0
Приходи од камата	-5,341,637	-5,127,724
Расходи за камата	674,995	631,409
Нето-приходи од тргување	-14,489	1,326
Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа	503,893	412,858
дополнителна исправка на вредноста и посебна резерва	1,897,095	1,943,513
ослободена исправка на вредноста и посебна резерва	-1,393,202	-1,530,655
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето основа	103	4,911
дополнителни загуби поради оштетување	103	4,911
ослободени загуби поради оштетување	0	0
Резервирања	0	0
дополнителни резервирања	0	0
ослободени резервирања	0	0
Приходи од дивиденди	-57,714	-40,812
Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва	0	0
Останати корекции	6,685	-3,600
Наплатени камати	5,138,908	5,290,131
Платени камати	-766,422	-500,846
Добивка од дејноста пред промените во деловната актива	***4,428,150***	***4,617,690***
(Зголемување)/намалување на деловната актива:		
Средства за тргување	18,043	88,276
Деривативни средства чувани за управување со ризик	0	0
Кредити на и побарувања од банки	-1,489,091	-455,545
Кредити на и побарувања од други комитенти	-6,617,618	-4,683,713
Заложени средства	0	0
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	41,648	111,250
Задолжителна резерва во странска валута	-437,958	-103,595
Задолжителен депозит кај НБРМ според посебни прописи	0	0
Останати побарувања	1,943,110	1,894,549
Одложени даночни средства	0	0
Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување	0	0
Зголемување/(намалување) на деловните обврски:		
Обврски за тргување	-640	-1,647
Деривативни обврски чувани за управување со ризик	0	0
Депозити на банки	-11,188	-1,174,311
Депозити на други комитенти	5,616,274	6,248,082

Извештај за паричниот тек

Назив на друштво **Комерцијална банка АД Скопје**
Период на известување **01.01 - 30.09**
Година **2026**
Извештајот е консолидиран **не**

	во илјади денари	
	Тековна година	**Претходна година**
Останати обврски	761,510	142,953
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување	0	0
Нето паричен тек од основната дејност пред оданочувањето	***4,252,240***	***6,683,989***
(Платен)/повратна данок на добивка	-427,439	-620,045
Нето паричен тек од основната дејност	**3,824,801**	**6,063,944**
Паричен тек од инвестициската дејност		
(Вложувања во хартии од вредност)	-13,847,315	-7,627,461
Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност	9,056,541	10,344,776
(Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва)	0	0
Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва	0	0
(Набавка на нематеријални средства)	-211,701	-70,206
Приливи од продажбата на нематеријалните средства	0	0
(Набавка на недвижности и опрема)	-189,433	-200,872
Приливи од продажбата на недвижностите и опремата	15,668	5,670
(Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба)	0	0
Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба	0	0
(Останати одливи од инвестициската дејност)	0	0
Останати приливи од инвестициската дејност	182,496	151,827
Нето паричен тек од инвестициската дејност	**-4,993,744**	**2,603,734**
Паричен тек од финансирањето		
(Отплата на издадените должнички хартии од вредност)	0	0
Приливи од издадените должнички хартии од вредност	0	0
(Отплата на обврските по кредити)	-479,430	-558,475
Зголемување на обврските по кредити	478,540	2,225,763
(Отплата на издадените субординирани обврски)	0	0
Приливи од издадените субординирани обврски	0	0
Приливи од издадените акции / сопственички инструменти во текот на периодот	0	0
(Откуп на сопствени акции)	0	0
Продадени сопствени акции	15,569	0
(Платени дивиденди)	-3,076,740	-2,848,834
(Останати одливи од финансирањето)	-7,983	-6,463
Останати приливи од финансирањето	0	0
Нето паричен тек од финансирањето	***-3,070,044***	***-1,188,009***
Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквиваленти	28	-395
Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти	0	-27
Нето-зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквиваленти	**-4,238,959**	**7,479,247**
Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари	48,304,303	45,108,650
Парични средства и парични еквиваленти на 30 септември	**44,065,344**	**52,587,897**

* само за консолидираните финансиски извештаи

Коментар на неревидирани и неконсолидирани
Биланс на успех и Биланс на состојба
на Комерцијална банка АД Скопје
за периодот 01.01. - 30.09.2026 година

1. Биланс на успех

Во периодот од 01.01. до 30.09.2026 година Банката од своето работење оствари ***позитивен финансиски резултат*** во износ од 4.204,8 милиони денари, наспроти остварениот ***позитивен финансиски резултат*** во истиот период минатата година во износ од 4.250,1 милион денари, што претставува намалување за 1,1 %. Планираната бруто-добивка за трите квартали од годинава е остварена со 111,1 %. Намалувањето главно е резултат на помалку реализирани останати приходи од дејноста (пред сè помал износ на евидентирана капитална добивка од продажба на преземен имот), додека приходите од редовно работење (нето-приходите од камати, провизии и курсни разлики) се зголемени. Дополнително, во извештајниот период пораст забележаа вкупните расходи од работењето и исправката на вредност на нето-основа, што соодветно влијаеше на остварениот финансиски резултат. И покрај тоа, остварената добивка пред исправка на вредност, која претставува показател за оперативната способност на Банката да ги покрива расходите од работењето, е за 0,9 % повисока во однос на истиот период минатата година. Позитивниот резултат од работењето е остварен во услови на натамошна геополитичка неизвесност при што домашниот економски амбиент се одликуваше со продолжување на економскиот раст, променлива инфлација и претпазлива монетарна политика. Имено, домашната инфлација во првото полугодие забележа раст од 4,1 % (кумулативно за периодот), поради што Народната банка ја зголеми каматната стапка на благајничките записи за 0,25 п.п. и истата достигна 4,25 %. За периодот јануари-септември инфлацијата достигна 3,6 %, но и натаму остана над таргетираното ниво од 2,0 %.

Вкупните приходи од работењето изнесуваат 6.588,1 милион денари и бележат зголемување од 2,1 % во однос на истиот период минатата година.

Нето-приходите од камата претставуваат основна компонента во формирањето на вкупните приходи од работењето и истите се зголемени за 3,8 % во однос на истиот период минатата година. Планот е исполнет со 105,3 %. Приходите по основ на камата бележат зголемување за 4,2 %, при што најголем пораст бележат приходите од камата остварени од секторот држава поради зголемените пласмани во државни хартии од вредност. Пораст бележат и приходите од камата од домаќинствата и од нефинансиските друштва како резултат на зголемено кредитирање. Расходите по основ на камата бележат зголемување од 6,9 % поради зголемените орочени депозити споредено со истиот период минатата година. Нето каматната маржа на ниво на Банката е намалена од 3,58 % на крајот од третиот квартал од минатата година, на 3,46 % на 30.09.2026 година.

Нето-приходите од провизии и надоместоци на 30.09.2026 година изнесуваат 1.103,1 милион денари и во однос на истиот период минатата година бележат зголемување од 21,9 %, во најголем дел поради зголемените остварени приходи од провизии и надомести, при истовремено намалување на расходите. Во извештајниот период Банката забележа зголемен обем на работење со клиентите во повеќето деловни активности, во услови на извршени намалувања на надоместоците од доменот на платежните услуги во земјата. Планот за анализираниот период е остварен со 122,6 %.

Нето-приходите од курсни разлики на 30.09.2026 година изнесуваат 332,7 милиони денари и бележат зголемување од 2,7 % во однос на истиот период минатата година, додека Планот за анализираниот период е остварен со 121,8 %.

Останатите приходи од работењето на Банката на 30.09.2026 година изнесуваат 471,2 милиони денари и бележат намалување од 35,5 % во однос на истиот период минатата

година, во најголем обем поради намален износ на реализирана капитална добивка од продажба на преземен имот. Планот е остварен со 63,2 %.

Оперативните расходи за периодот 01.01. - 30.09.2026 година изнесуваат 1.879,3 милиони денари и во однос на истиот период минатата година се зголемени за 5,2 %, во најголем дел како резултат на зголемениот износ на плати и други трошоци за вработените, а во помал обем и поради зголемените трошоци за софтверски лиценци, како и зголемената амортизација. Планот е остварен со 84,1 %.

Нето исправката на вредност на финансиските средства заклучно со 30.09.2026 година изнесува 503,9 милиони денари и бележи зголемување од 22,1 % во однос на истиот период минатата година како резултат на влошување на состојбата кај дел од портфолиото на правни лица. Планот е остварен со 110,7 %.

2. Биланс на состојба

Вкупната пасива на Банката на 30.09.2026 година достигна износ од 199.813,1 милион денари и во однос на декември 2025 година бележи зголемување од 3,8 %.

Вкупните депозити (депозити на комитенти и депозити на банки) изнесуваат 170.276,1 милион денари и бележат зголемување од 3,3 % во однос на декември 2025 година, во најголем обем како резултат на зголемените депозити на нефинансиските друштва и домаќинствата. Планот е остварен со 99,7 %.

Обврските по кредити изнесуваат 3.397,2 милиони денари и во однос на декември 2025 година се намалени за 0,1 % како резултат на повисокиот износ на редовни отплати во однос на новите повлекувања од кредитните линии. Во извештајниот период се повлечени средства од кредитната линија на РБСМ (таканаречениот Унгарски кредит), наменета за компании, и од кредитната линија на EBRD GFF (Green Finance Facility), наменета за финансирање проекти коишто овозможуваат поттикнување инвестиции на МСП во високи технологии и услуги коишто ја подржуваат зелената економија во РСМ. Планот е остварен со 99,2 %.

Акционерскиот капитал и резервите на Банката со состојба 30.09.2026 година достигнаа износ од 24.222,5 милиони денари и во однос на декември 2025 година бележат зголемување од 5,0 % како резултат на зголемените останати резерви согласно Одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка од 2025 година усвоена на Собранието на акционери одржано на 27.03.2026 година, при што 1.600,6 милиони денари се прераспределени во резервен фонд на Банката и 400 милиони денари се распределени во задржана добивка за инвестициски вложувања. Дополнително, зголемена е и евидентираната премија од акции како резултат на продадени откупени сопствени акции на Банката стекнати по основ на правосилно судско решение за намирување на побарувања од стечаен должник. Планот е реализиран со 100,1 %.

Зголемувањето кај **вкупната актива** во најголем обем се должи на зголемените кредити на комитенти, зголемените вложувања во хартии од вредност и зголемените кредити на и побарувања од банки. Планот е остварен со 100,0 %.

Паричните средства и паричните еквиваленти бележат намалување од 6,2 %, во најголем обем поради намалената состојба на запишани благајнички записи. Планот е остварен со 86,4 %.

Финансиските средства по објективна вредност преку Билансот на успех определени како такви при почетното признавање во износ од 394,2 милиони денари, се состојат од вложувања во удели во инвестициски фондови кои се зголемени како резултат на пазарното вреднување на уделите на КБ Инвест балансиран и паричен.

Кредитите на и побарувањата од банки бележат зголемување од 26,5 % главно како резултат на зголемената состојба на орочените депозити со рочност од 3 месеци до 1 година во валути USD и EUR, како и во валути AUD и CAD, со цел остварување повисоки приходи како резултат на очекуваното движење на каматните стапки на странските финансиски пазари. Планот е исполнет со 117,8 %.

Кредитите на и побарувањата од други комитенти бележат зголемување од 7,6 % како резултат на зголеменото кредитирање кај домаќинствата, како и кај јавните и приватните нефинансиски друштва. Планот е остварен со 103,6 %.

Вложувањата во хартии од вредност се зголемени за 12,7 % како резултат на поголем износ на запишани од достасани државни обврзници и државни записи. Планот е остварен со 118,7 %.

Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања бележат зголемување од 27,1 % по основ на платен и капитализиран данок на промет на недвижности на дел од преземениот имот. Истите имаат незначително учество во вкупната актива.

3. Очекувања за претстојниот период

Макроекономските услови во кои Банката ја остварува својата активност во текот на 2026 година се условени од сè уште неизвесниот и непредвидлив глобален амбиент, макроекономските ефекти и инфлаторните притисоци како резултат на воениот конфликт на Блискиот Исток.

Притисоците и неизвесностите во рамки на глобалната економија упатуваат на потребата од внимателен пристап во обликувањето на очекувањата за остатокот од 2026 година, при што се земени предвид проекциите објавени од Министерството за финансии, Народната банка на РС Македонија, ММФ и Светската банка.

Согласно последните јавно достапни информации, Светската банка и ММФ извршија нагорна корекција на стапката на раст на БДП за 2026 година во споредба со проекциите од почетокот на годината, на 3,2 % и 3,5 % соодветно. Од страна на Министерството за финансии и Народната банка, проекциите за стапката на раст се утврдени на 3,5 %. Во однос на структурата на растот, се очекува главен двигател да остане домашната побарувачка, односно растот на бруто инвестициите и домашната потрошувачка, поддржани од порастот на кредитирањето. Во 2026 година се очекува бруто инвестициите да остварат раст од 8,4 % на реална основа, додека за личната потрошувачка проектираниот просечен раст изнесува 2,6 % поддржан од растот на расположливиот доход и понатамошниот раст на кредитирањето. Јавната потрошувачка ќе остане со умерен раст од 1,4 %. Извозот се очекува да оствари просечен раст од 4,7 %, а увозот од 4,9 %, односно намален придонес на нето-извозот кон растот.

Макроекономската стабилност ќе продолжи да се остварува преку одржување на ценовната стабилност и стабилноста на номиналниот девизен курс на денарот во однос на еврото. Според последните податоци од ДЗС, годишната стапка на инфлација во септември 2026 година изнесува 3,6 %, додека согласно последните објавени проекции од страна на НБРСМ, годишната стапка за 2026 година се очекува да изнесува околу 4 %, со тенденција на надолно приспособување и постепено враќање кон историскиот просек во остатокот од периодот, во услови на отсуство на позначителни инфлациски притисоци од домашната побарувачка и увозните цени, како и при закотвени инфлациски очекувања. Согласно новата монетарна рамка усвоена на крајот од 2025 година, како и зголемените каматни стапки од страна на ЕЦБ, НБРСМ на крајот на првото полугодие од 2026 година изврши нагорна корекција на каматните стапки на благајничките записи и на расположливиот депозит преку ноќ за 0,25 п.п., односно од 4,00 % на 4,25 % и од 3,50 % на 3,75 % соодветно, додека понудата на аукциите се утврдува согласно проектираната промена на ликвидносната позиција на банкарскиот систем на неделна основа.

Очекувањата се дека и до крајот на 2026 година банкарскиот систем ќе продолжи да обезбедува кредитна поддршка во услови на заострени регулаторни барања (зголемување на противцикличниот заштитен слој на капиталот, заострени макропрудентни показатели, зголемени обврски и стапки на задолжителната резерва во денари и во девизи, имплементација на регулативата за исполнување на минималната стапка на сопствени средства и минимални обврски и нова оперативна рамка на монетарната политика). Во септември 2026 година кредитната активност порасна за 14,1 % на годишно ниво, при што кредитирањето на домаќинствата се зголеми за 12,7 %, а кредитирањето на нефинансиските друштва за 15,7 %. Вкупните депозити беа повисоки за 9,2 % на годишно ниво, одразувајќи раст кај депозитите на домаќинствата од 9,2 % и кај корпоративните депозити од 8,6 %. За периодот 2026 – 2028 година проекциите на кредитниот раст се предвидени со релативно помала динамика, или 7,3 %, во просек, додека растот на вкупните депозити е проектиран со просек од околу 7,6 % годишно.

Комерцијална банка ќе ги презема сите неопходни активности за прилагодување кон новонастанатите состојби, при што и во следниот период ќе биде фокусирана пред сè на одржување на квалитетот на портфолиото и на изнаоѓање флексибилни решенија на барањата на клиентите, ефикасно управување со трошоците, натамошна дигитализација на процесите и модернизација на деловната мрежа, прилагодување на деловните процеси во согласност со барањата на регулативата за платежни услуги и платни системи, како и со новата регулатива за заштита на потрошувачите, регулативата за финансиски инструменти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност, унапредување на доброто корпоративно управување и на практиките за одржлив развој, имплементација на систем за управување со ризиците од климатски промени и сл.

4. Известување за промени во сметководствените политики и методи на вреднување

Заклучно со третиот квартал од 2026 година, нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување.

5. Исплатени дивиденди

Во извештајниот период Банката објави повик за учество на Годишно собрание на акционери, кое се одржа на 27.03.2026 година. Составен дел на материјалите за Собранието беа и Одлуката за употреба и распределување на нераспределената добивка до 31.12.2025 година и Одлуката за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2025 година. Согласно наведените одлуки, Банката на 04.05.2026 година изврши исплата на дивидендата за 2025 година на акционерите иматели на обични акции кои се евидентирани во книгата на акции на 14.04.2026 година. Од вкупно пресметаната дивиденда за 2025 година во износ од 3.076.740.450,00 денари, исплатена е дивиденда на правни лица во износ од 1.519.823.250,00 денари и на физички лица во износ од 1.556.917.200,00 денари. Износот на дивиденда по една акција е 1.350,00 денари, односно 135,0 % во однос на номиналната вредност на акцијата.

6. Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности и опрема) или значителен отпис (поголем од 30 % од вредноста на средството споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи)

Со состојба на 30.09.2026 година, недвижностите и опремата бележат зголемување од 0,1 % во однос на декември 2025 година, кое се должи на зголемената состојба на недвижностите и опремата во подготовка.

7. **Промени во кредитните задолжувања (намалувања или зголемувања поголеми од 30 %)**

Со состојба на 30.09.2026 година, обврските по кредити се намалени за 0,1 % во однос на декември 2025 година како резултат на повисокиот износ редовни отплати во однос на износот на нови повлекувања по договорите за кредити. Истите имаат минимално учество од 1,7 % во вкупната пасива на Банката.

Скопје, 29.10.2026 година